МАКЕДОНИЈА

# Затвореник од Идризово учествувал во тепачка каде бил изваден и пиштол на Бит Пазар

Од Скопје1.мк
Објавено на 10/08/2024



На 09.08.2024 година во 17.30 часот во Скопје, било пријавено дека на подрачје на Бит Пазар настанала вербална расправија помеѓу Х.В.(56) и Н.В.(51) двајцата од Скопје. При расправијата Н.В. со огнено оружје упатил сериозни закани кон Х.В. и неговото семејство, а во еден момент извршил и оштетување на патничко возило „Голф" сопственост на Х.В.

Бидејќи Н.В. е лице кое издржува затворска казна во Казнено поправна установа „Идризово", со наредба од Основен суд Скопје извршен е претрес во неговиот дом. По насоки на ОЈО, лицето е однесено во Казнено поправна установа „Идризово".

По целосно документирање на случајот против Н.В. ќе биде поднесена пријава за сторени кривични дела по член 144 став 2 и член 133 од Кривичниот законик, „Загрозување на сигурноста" и „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница".

ПОВРЗАНИ ВЕСТИ ПРЕКУ ОЗНАКИ: ИДРИЗОВО

ПРОЧИТАЈТЕ И:



(Видео) Ужасната состојба на Идризово: затвореници изедени од инсекти, нервоза, незадоволство…



(Видео) Како изгледа „Идризово" внатре: стара градба направена за политички затвореници, а не криминални групи



(Видео) Затворот „Идризово" е граден за политички затвореници, а не за криминални групи – градбата е стара









„Досие Идризово": Претрес на **Катица Јанева,** исповед, репортажа од ќелиите

СÈ ШТО Е НАЈНОВО






Copyright © 2018-2022 Skopje1.mk